МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Ноември 2015
БРОЈ 171

## Нов повик за институционални грантови на Цивика мобилитас

Цивика мобилитас го објави вториот повик за институционални грантови. Повикот им е наменет на граѓанските организација кои се регистрирани во Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (2010). Институционалните грантови на Цивика мобилитас треба да го поддржат процесот на институционален развој / организациско јакнење на избраните грантисти.

Пријавите за овој повик се поднесуваат преку формуларот за пријавување, а во процесот на подготовка на пријавата, организациите ќе треба да поминат низ процес на самооценка, пополнувајќи и прашалник за самооценка. Обрасците можете да ги најдете на следниот линк: http://civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-ins-01/formulari

Големината на грантовите на годишно ниво ќе биде помеѓу 1.000.000 и 2.000.000 денари. Расположливиот вкупен износ за овие грантови изнесува 70.000.000 денари. Грантовите од овој повик се за период од 2 години (24 месеци).

Краен рок за поднесување на пријавите е 15 јануари 2016 г., до 16 часот до кога треба да бидат примени сите пријави, вклучително и оние испратени по курирска служба или по пошта. Пријавите се доставуваат на адреса:
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) за програмата Цивика мобилитас; ул. Никола Парапунов, бр. 41а; Поштенски фах 55, 1060 Скопје, Македонија

Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на адресата: helpdesk@civicamobilitas.mk најдоцна до 5.1.2016 година.

Цивика мобилитас ќе одржи неколку информативни сесии за овој повик, во периодот од 9-11.12.2015 година и тоа во: Тетово, Кочани, Прилеп и Кавадарци.

Повеќе информации за повикот може да се најдат на веб-страницата на Цивика мобилитас www.civikamobilitas.mk

## Граѓанските организации и бегалската криза

„Граѓанските организации имаат значајна улога во поддршката и помошта за бегалците, тие со своите активности се пример за справување со бегалската криза", рече Мохамед Ариф, претставник на УНХЦР во Република Македонија на семинарот на тема „Актуелни миграциски текови и одговорот на бегалската криза" што се одржа на 20 ноември 2015 година во ЕУ Инфо центарот во Скопје. Ариф апелираше да не се заборави човечката димензија на овој глобален проблем. „Решение е неопходно, а затворањето на границите не е цивилизиран начин за решавање на проблемот", истакна тој.

Јаромир Левичек, претставник на Делегацијата на ЕУ во Македонија, ја потенцираше улогата на граѓанското општество во справувањето со бегалската криза. „Организациите лобираа за правната регулатива за бегалците, го набљудуваа почитувањето на основните човекови права, а голема е поддршката и во пружањето медицинска и хуманитарна помош", рече тој. „Повеќе од милијарда долари се мобилизирани за справување со мигрантската криза. Сметам дека има простор да се зголеми улогата на граѓанското општество", рече Левичек.

Низ рутата на Западен Балкан најголем дел од бегалците и мигрантите доаѓаат од Сирија (62%), од Авганистан (22%), Ирак (8%) и Пакистан и Иран (2%) информираше Соња Божиновска од Меѓународната организација за миграција (ИОМ). Таа потенцираше дека рутата на Западен Балкан ќе остане алтернатива и во следниот период.

За практичната поддршка на граѓанските организации во бегалската криза и искуствата на локалните организации зборуваше Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС. Според него Македонија добро се справува со бегалската криза, адекватно ги користи своите ресурси, а клучна е координацијата помеѓу сите вклучени актери. „Предизвик ќе бидат економските мигранти кои сега не се пропуштаат", рече Кржаловски.



*Треба да се направи разлика меѓу економските мигранти и бегалците на воените конфликти*

Според УНХЦР, во првите 15 дена од ноември, во Македонија во просек пристигале по 6.000 бегалци во 24 часа. Ова ја наметнува потребата од подобрување на сместувачките капацитети во прифатните центри на граничните премини Гевгелија и Табановце, особено заради доаѓањето на зимата. МЦМС ќе обезбеди непрехрамбени продукти и ќе работи на подобрување на инфраструктурата во транзитните центри за зимските услови.

Актуелната бегалска криза е најголемиот хуманитарен случај на нашата ера. Во УНХЦР очекуваат дека бројката ќе достигне до четири милиони бегалци, а кризата ќе биде реалност уште долго време. Бегалците поминуваат низ најмалку шест држави за да дојдат до посакуваната дестинација. Досега во Република Македонија 70 бегалци побарале признавање на правото на азил.

Семинарот го организираа ТАКСО ресурсниот центар воден од МЦМС и Македонската канцеларија на проектот ТАКСО.

## Ефективно лидерство за институцоналните грантисти на Цивика мобилитас

На 25 ноември 2015 година во просториите на МЦМС се одржа втората работилница за организациско јакнење на институционалните грантисти на Цивика мобилитас.



*Нови знаења и вештини за институционалните грантисти на Цивика мобилитас*

На работилницата учествуваа претставници од управувачките структури и лица кои се директно вклучени во активностите на организацискиот развој и институционалното јакнење на првите 11 Институционални грантисти од програмата Цивика мобилитас.

Работилницата ја спроведе Ана Василаче (Ana Vasilache), меѓународен ексерт на програмата, а имаше за цел да ги подобри знаењата на учесниците за ефективно лидерство. На работилницата, организациите добија знаења и вештини за анализирање на лидерството во нивните организации, како и анализа на нивната ефективност и промените кои треба да се направат за остварување на визијата, мисијата и целите кои организацијата се стреми да ги постигне во насока на остварување на позитивни општествени промени.

Активностите за градење капацитети на институционалните грантисти имаат за цел оспособување на грантистите за поефективно да ги мобилизираат своите конституенти за промовирање на позитивни и мерливи општествени промени; зајакнување на посветеноста на грантистите да промовираат општествени промени и да имаат позитивно влијание на општеството, како и зајакнување на капацитетите на грантистите поефективно да спроведуваат активности за промовирање општествени промени и да имаат влијание во секторите во кои се активни.

## МЦМС на Светскиот форум за демократија „Слобода наспроти сигурност“

Од 18 до 20 ноември 2015 г., во Стразбур, Франција беше одржан Светскиот форум на демократијата, организиран од Советот на Европа, во соработка со Националните школи за демократија и јавни политики од повеќе од 16 земји членки. На форумот присуствуваше и Борјан Ѓузелов од МЦМС, како дел од Македонската школа за јавни политики „Мајка Тереза“, раководена од Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП).

Темата на овогодинешниот форум „Слобода наспроти сигурност“ го опфати предизвикот за обезбедување на соодветен демократски одговор на современите глобални безбедносни проблеми. Имено, современите демократски системи се сѐ почесто изложени на различни безбедности закани кои сериозно влијаат на потребата за обезбедување на поголема безбедност.

Од друга страна, зголемените мерки за безбедност во име на борба против екстремизмот и другите сигурносни ризици, се почесто се во конфликт со демократските права и слободи кои се фундаментални вредности на современите демократски општества.

Ова особено се однесува на правото на приватност, кое во ера на глобални комуникациски системи и социјални медиуми е прво на удар од страна на безбедносните и разузнавачките агенции. Беше заклучено дека недостатокот на соодветни јавни политики за гарантирање на ова право, е предизвик кој треба да биде надминат за обезбедување на поголема безбедност, која нема да биде на штета на индивидуалните човекови права и слободи.

Форумот се состоеше од повеќе пленарни сесии, како и од посебни тркалезни маси, каде што свои излагања имаа голем број на политичари, дипломати, експерти и активисти за човекови права. На форумот беа предложени повеќе начини за зајакнување на демократската контрола врз безбедносните служби со цел гарантирање на правото на приватност и слободата на изразување.

# Одржани првите акциски сесии во Умин Дол и Горно Коњаре

Локалната инфраструктура беше тема на првите групни сесии што се одржаа во Умин Дол и Горно Коњаре, општина Куманово, во рамките на проектот „Акции во заедницата“, кој го спроведува МЦМС со финансиска поддршка од Амбасадата на Кралството Велика Британија во РМ.



*За жителите на Умин Дол и Горно Коњаре најитни се инфраструктурните проблеми*

На првата сесија од акцискиот процес граѓаните, поделени по работни маси, даваа предлози и решенија за најприоритетните инфраструктурни проблеми од областа на локалната патна мрежа, јавните површини, водоснабдувањето, канализацијата, образованието, јавното осветлување, спортските терени и игралишта, детската градинка и животната средина. Како најприоритетни беа истакнати проблемите со локалните патишта, канализациската и водоводна мрежа и училишните објекти.

Работната група, која ја сочинуваат претставници на жителите од Умин Дол и Горно Коњаре, заедно со тимот на МЦМС и општина Куманово, предлозите ќе ги развие во концепти и предлог проекти, по што учесниците во акцискиот процес ќе одлучат кој проект како најприоритетен ќе се реализира од проектниот фонд во висина од 25.000 фунти по месна заеница.

Валентина Алексовска, секретар на општина Куманово, истакна дека се надева оти жителите на овие две месни заедници ќе изберат реални и остварливи проекти со кои ќе го подобрат квалитетот на животот. „Локалната самоуправа е подготвена да го кофинансира избраниот проект од страна на жителите, доколку тој ја надминува вредноста на проектниот фонд“, рече Алексовска.

Проектот „Акции во заедницата“ опфаќа три групни сесии на кои граѓаните ќе дискутираат за своите потреби и три работилници за развивање на нивните иницијативи во проекти. Тие ќе се реализираат во периодот ноември-декември, а инфраструктурниот проект е предвидено да се спроведе во периодот јануари-март 2016 година. Целта на овој проект е да се поттикне и да се зајакне граѓанското учество во донесувањето одлуки на локално ниво преку демократски начин на одредување на приоритетните потреби и постигнување на видливи социјални и економски ефекти во локалните заедници.

# Комуникации и градење на заедницата

Регионалната канцеларија на проектот ТАКСО организираше регионална конференција на тема „Градење на заедницата и комуникација на граѓанските организации“. Конференцијата се одржа на 18-19 ноември 2015 во Сараево, а учествуваа претставници од Западен Балкан и Турција, активни во областа на комуникациите во граѓанскиот сектор.

Во најголем број случаи градењето на капацитети во комуникациите е лимитирано на односи со јавност или пак само на односи со медиумите. Затоа, фокус на оваа конференција беше градењето на врски со заедницата,.

„Граѓанските организации треба да бидат свесни за различната публика со која комуницираат и градењето на заедницата треба да биде еден од главните приоритети во остварувањето влијание и одржливос“, рече Јасенка Перовиќ, лидер на тимот на проектот ТАКСО.

Учесниците дискутираа за новите тактики на комуникација и нивната примена во градењето и унапредувањето на односите со заедницата. Преку споделување на најдобрите искуства и практики конференцијата придонесе за подобрување на вештините, знаењата и компетенциите на учесниците, посебно за признавањето на важноста и вредноста на заедниците.

Вториот ден учесниците работеа во работни групи, во кои се дискутираа за граѓанските организации како фасилитатори за промени во заедницата; за основните принципи за градење на заедницата; за тоа како да се добие и задржи довербата на заедницата и за активностите и алатките за градење на заедницата. Најдобрите практики и совети ќе бидат дел од Водичот за градење (развивање) врски со заедницата.




*Како граѓанските организации да ги развијат и одржат врските со своите заедници?*

На конференцијата учествуваа пет претставници од Македонија, од различни граѓански организации: Балканска асоцијација за алтернативен туризам „Балканија“, Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“ – Куманово, Граѓанска иницијатива Охрид С.О.С, Рурална коалиција и Млади инфо . Покрај нив, претставник на македонската канцеларија на проектот ТАКСО беше Валентина Атанасовска, заедно со Јасмина Чаушоска, претставник од Ресурсниот центар на проектот ТАКСО за Македонија - МЦМС.